**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-36/3**
**19.03.2024 година**
**Битола**

| | |
|---|---|
| **ООУ„Кочо Рацин“ - Прилеп** | |
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 27 до 29.11.2023 година |
| **Број на извештај:** | 15/пелагониски/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Жаклина Наумовска |
| **Вид на училиштето:** | основно училиште |
| **Број на ПУ** | Едно (1) |
| **Основач на училиштето:** | Општина Прилеп |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 719 |
| **Полова структура на ученици:** | 347 машки и 372 женски |
| **Број на наставници:** | 63 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Александар Дескоски |
| **ВД Директор на училиштето:** | Јулијана Тренкоска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | од 25 до 27.04.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул,, Борка Талески“64 Прилеп |
| **Телефон:** | 048 425 772 |
| **Факс:** | 048 425 772 |
| **e-mail:** | kocoracinprilep@yahoo.com |
| Оценка од ИЕ | 3,27 добро. |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# РЕЗИМЕ

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за Просветна инспекција од 27 до 29 ноември 2023 година тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во ООУ „Кочо Рацин“ - Прилеп.Целта на интегралната евалуација е да се оцени квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето како и примената на законите, другите прописи и општи акти со кои е регулирано образованието. Во процесот на интегралната евалуација се изврши и вреднување на исполнетоста на работните обврски на наставниците и стручните соработници вработени во ова училиште.

За време на тродневниот надзор тимот на државни просветни инспектори ги спроведе сите планирани активности предвидени со Прирачникот за вршење на интегрална евалуација. Посетени беа наставниците кои реализираат настава во училиштето, се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, стручните соработници , стручните органи и тела Се водеа разговори со , фокус групи на ученици ,со наставниците по стручни активи , со членови на тим за изготвување на Самоевалуација и админстративна служба. Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот по седумте подрачја за квалитет на воспитно образовниот процес, разговорите водени со различните фокус групи , посетата на наставните часови, анализа на доставените прашалници, тимот на државни просветни инспектори констатира дека квалитетот на целокупната работа во ООУ “Кочо Рацин“ Прилеп е на ниво **3,27добро.**

Наставата во ООУ „Кочо Рацин“ Прилеп се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование изготвени од Бирото за развој на образованието и донесени од Министерот за образование и наука. Во оваа 2023/2024 година наставата за учениците и воспитно образовната работа во училиштето се остварува врз основа на наставни планови и програми за деветгодишно основно образование, наставни програми од Cambridge International Examination Centre од седмо до деветто одделение по предметите: математика, биологија, хемија и физика, како и по новата концепцијата за основно образование за учениците од прво до шесто одделение. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Училиштето е вклучено во проектот за меѓуетничка интеграција.

Во годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година планирани се разновидни воннаставни активности. Опфатот на учениците во воннаставните активности е мн.добар. Во училиштето се реализираат слободни ученички активности.Реализацијата на ученичките натпревари како воннаставни активности, преку кои се презентираат постигањата на учениците и на училиштето во целина е многу добра. Бројот на вклучени ученици на ученички натпревари и постигнатите резултати се добри. Во училиштето се планираат и реализираат ученички екскурзии како една од формите на вонаставна активност.Истите се организираат според Правилникот за начинот на организирање на екскурзии, а во планирањето и подготовката на истите активно се вклучени родителите.

Постигањата на учениците се следат по пол,по наставни предмети , по оделенија по поведение, општ успех, по изостаноци.Училиштето ги следи постигањата на учениците и изготвува анализи по тромесечија, на крајот на полугодието и учебната година. Стручната служба на наставниците им дава насоки за изработка на годишните и тематските планирања и ги запознава со новините во образованието и ги следи и планирањата на наставниците. Поддршка и помош на наставниците за подобро да ја планираат наставата, училиштето им дава со тоа што им обезбедува учество на семинари и разни обуки во соработка со БРО , интерни и десиминации, како и инструктивна помош за наставниците-приправници од страна на назначените наставници-ментори. Освен редовната настава, наставниците ја планираат и дополнителната и додатната настава, одделенски час, програми за слободните ученички активности, екскурзиите и план за родителски средби.

За децата со посебни образовни потреби наставниците изготвиле индивидуални прилагодени наставни програми, приспособени за настава и учење на деца со потешкотии во развојот. , како и посебни индивидуализирани наставни програми,

Во наставниот процес поголем број наставници користат разновидни адекватни наставни форми и методи на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Од посетените наставни часови се констатира дека наставниците ги поттикнуваат, насочуваат и им помагаат на учениците да го градат своето знаење во процесот на учење. Во сите фази од часот постои активност на учениците. Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Родителите добиваат информации за успехот и редовноста на своето дете и од програмот Е-дневник, за кој сите родители се запознати и имаат добиено соодветни шифри.

Инфраструктурата на училиштето во двете училишни згради е безбедна и не претставува опасност за повреда на учениците. Училишните дворови се целосно оградени и осветлени. Училишните објекти се под видео надзор и има ноќен чувар и ангажирана агенција за обезбедување за централното и подрачното училиште. Во училиштето шест вработени имаат сертификати за давање на прва помош.

Училиштето има изготвено годишна програма и акционен план на активности за превенција од насилството. Училиштето води политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанции, со што се увидува со поставување на знаци за предупредување и забрана по ходници, училници, канцеларии, тоалети и училишен двор. Пристапот во централното училиште и во подрачното училиште е приспособен на потребите на лица со физичка попреченост со пристапни рампи и лифт во централното училиште. Просторот во ходниците и училниците на приземје овозможува нивно движење. Во централното училиште има и посебно наменет тоалет за потребите на лица со попреченост. Училиштето има мал број на регистрирани ученици кои се од социјално загрозени семејства. Училиштето има програма за превенција од заразни болести и постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција, во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Во училиштето се вршат редовни систематски прегледи за ученици и систематски и санитарни прегледи на вработените лица. Училиштето има пропишани процедури и организира активности за професионалната ориентација со учениците од завршните одделенија. Стучната служба во училиштето има изготвено програма за професионална ориентација на учениците од завршните одделенија. ООУ „Кочо Рацин“- Прилеп е препознатливо училиште со едно подрачно во населба Рид кое бележи подобрување на ифраструктурата, стручноста на наставниот кадар и постигањата на учениците во повеќе

области. Во училиштето еднакво се третираат сите ученици и вработени без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Раководниот и наставниот кадар има важна улога во воспоставување и почитување на односите меѓу наставниците и учениците, а исто така и соработката помеѓу стручните служби со раководниот кадар е постојана.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра.Постои работна атмосфера за време на наставата, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците. Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и истите ги ги запознаваат учениците со нивните права. Училиштето презема активности да ги запознае родителите со правата на децата преку одржување состаноци, изработка на брошури и сл. Училиштето ги вреднува и промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во училиштето и заедницата. Еднаквиот и правичен третман на учениците е добар. Училиштето располага со добар број на современи наставни средства и технички помагала како и компјутерска техника, неопходни за реализација на наставните програми. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, материјали за работа, аудио-визуелни средства, компјутерска техника и литература, но финансиските средства што ги обезбедува училиштето не се доволни за набавка на нови и современи наставни средства и технички помагала. Во секоја училница има инсталирано по еден персонален компјутер за наставниците, и во секоја училница и кабинет има смарт табла , панел табла или интерактивна табла во две од училниците. Во кабинетот каде се изведува наставата по информатика инсталирани се 17 персонални компјутери и еден лап топ. Училиштето располага со мн.добро опремен кабинет по природни науки. Училишната библиотека е уредна и опремена со неопходен инвентар, има компјутерска опрема и располага со повеќе од пет наслови на книги по ученик. За учебната 2023/24 година наставниот кадар е во согласност со нормативите, е квалификуван и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж и истата тековно се применува за еден наставник - приправник.

Со училиштето раководи директорот кој е почитуван и респектиран од вработените, учениците и родителите. Претходниот директор целосно го следел и координирал работењето на установата во сите сегменти на остварување на воспитно образовната работа.Директорот има поддршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето.

Училиштето има изработено Самоевалуација и има Извештај од истата со деловоден број 01-233/3 од 03.08.2023 година и . Програма за развој заведена со деловоден број 01-211/3 од 23.08.2021 година (2021-2025)

За учебната 2023/20124 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа 01-213/2 од 14.08.2023 и истата е усвоена од Советот на Општина Прилеп .

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб

.Во училиштето има формирано инклузивен тим.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ „Кочо Рацин“ Прилеп лоцирано е во централното гратско подрачје ул„Борка Талески“ бр 64 и опфаќа дел од месноста „Рид“ во кој е лоцирана училишна зграда во која се изведува настава од I – V одделение.

Училишните згради се изградени 1924 година. Направена е реконструкција на внатрешниот дел од централното училиште (платформа - лифт за лица со физички хендикеп,тоалетите, ходници, дел од скалите, училници ,нов училишен инвентар и информатичка опременост на сите училници и со целосно опремен кабинет по Природни науки. Реконструкцијата и опременувањето е со средства од страна на МОН и Локалната самоуправа во 2022 година. Во фаза е дренажа и санација на атмосферската вода на дел од зградата на централното училиште.

Дејноста на училиштето е верифицирана со решение број 09-3578/1 од 17.03.1986 година од страна на Секретарјатот за општествени служби и општа управа при Собрание на општина Прилеп.Училиштето е запишано во Централен регистар на Република Македонија како Општинско основно училиште„Кочо Рацин“ Прилеп .Основано е со акт бр РЕГ 19/65 во Окружен стопански суд Битола од 21.11.1965 година

Училиштето има изготвено Статут за кое има согласност од Министерството за образование и наука Скопје.

Во учебната 2023/2024 запишани се вкупно 719 ученици, од кои 1 ученик е од албанска националност, една ученичка е од турска националност, останатите се од македонска националност и наставата ја следат сите на македонски наставен јазик. Централното училиштето работи со вкупно 35 паралелки од прво до деветто одделение Наставата во основното се организира во две смени. Во училиштето работат 63 наставници, од кои 56 наставници на неопределено работно време и 7 наставници на определено работно време, од кои два наставници дополнуваат часови во други училишта, а од други училишта 4 наставници надополнуваат часови во училиштето. Сите се со соодветно образование согласно Нормативот за наставен кадар. Во оваа учебна година има еден наставник-приправник, педагог, психолог, дефектолог – специјален едукатор, библиотекар ,секретар, благајник, хаус мајстор - котлар, економ, еден нокен чувар, 7 хигиеничари од кои еден во подрачното училиште е ложач на парни котли и директор.

Во состав на основното училиште работи едно подрачно училиште во населба Рид каде работат 10 паралелка од одделенска настава .

Настава во две училишни згради. Во централното училиште има 13 кабинети, 9 училници за одделенска настава, библиотека, 1 фискултурна сала за предметна и прилагодена 1 помала фискултурна сала за одделенска настава.

Училишната зграда во населба Рид има 5 училници.

Во основното училиште наставата по физичко образование се изведува во фискултурна сала , додека во училиштето во населба Рид се изведува и во дворот на училиштата кога временските услови се поволни.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1.Реализација на наставните планови и програми

Воспитно образовната работа во училиштето се остварува врз основа на наставни планови и програми за деветгодишно основно образование, наставни програми од Cambridge International Examination Centre од седмо до деветто одделение по предметите: математика, биологија, хемија и физика, како и по новата концепцијата за основно образование за учениците од прво до шесто одделение. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука.

Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Во училиштето се реализира програмата „Образование за животни вештини“. Програмата ја реализираат одделенските наставници, на часовите на одделенската заедница, преку разни активности, предавања и работилници. Програмата се реализира согласно Прирачникот за Образование за животни вештини.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето се реализира и Еко-програма „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“. Кај добар број од наставниците во тематските и годишните планирања внесени се содржини од еколошкото образование. Во училиштето се реализирани еко активности интегрирани низ различни наставни предмети.

Во училиштето се реализираат часови по хор и оркестар. Предметниот наставник има изготвено програма за хор и оркестар.

Наставната програма по физичко и здравствено образование се изведува во фискултурна сала, на отворени спортски терени и во адаптиран училишен простор за учениците од одделенска настава.

Училиштето ги информира учениците и родителите за целите на наставните планови и програми што се реализираат, вклучувајќи ги и целите што се однесуваат на меѓуетничка интеграција. Информирањето се прави преку брошура за училиштето и ФБ страна на училиштето, како и преку родителските средби.

Училиштето има формирано училишен инклузивен тим, кој во својата програма за работа планира и реализира активности за детектирање и поддршка на учениците со посебни образовни потреби. За секој ученик кој е со посебни образовни потреби формиран е инклузивен тим за ученик. Согласно препораките дадени во стручните проценки според МКФ, седум ученици наставата ја следат според индивидуален образовен план. Во инклузивните тимови за учениците вклучени се шест образовни асистенти, обезбедени преку основното училипште со ресурсен центар „Кочо Рацин“ Битола. Родителите на учениците со посебни образовни потреби се вклучени во инклузивните тимови за учениците, како и во изработката на индивидуалниот образовен план за нивното дете. Постигањата на поставените цели и реевалуација на индивидуалните образовни планови се прави квартално на крајот од секое тримесечие.

Училиштето на крајот од секоја учебна година спроведува постапка за избор на слободни изборни предмети во IV ,V и VI одд. согласно насоките дадени од МОН. На учениците им се нуди анкетен прашалник со понудени слободни изборни предмети, за секое од четирите подрачја. Врз основа на резултати од анкетата се формира листа од

понудени слободни изборни предмети, од која учениците по слободен избор избираат по два изборни предмети од различно подрачје, по еден за секое полугодие. Училиштето на крајот од V одделение спроведува постапка за избор на втор странски јазик. Во училиштето како втор странски јазик се изучува француски и германски јазик. За учениците од седмо до деветто одд. се спроведува постапка за избор на изборен предмет помеѓу четири изборни предмети.

За учениците од прво до трето одделение, училиштето нуди проширена програма, почитувајќи ги можностите и потребите на учениците. Во оваа учебна година нема интерес од страна на родители за следење на проширена програма на нивните деца.

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Во училиштето при реализацијата на наставните планови и програми се негува етничката рамноправност и мултикултурна сензитивност. Училиштето е вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција во образование. Има потпишано меморандум за соработка со партнер училиштето ООУ Никола Карев –Крушево, подрачно училиште с.Норово и ООУ „Кирил и Методиј“ с.Канатларци. Училиштето во склоп на програмата за образование за животни вештини реализира активности за интегрирање на целите од интегрираното образование. Во училиштето по иницијатива на ученичката заедница реализирани се активности на тема „Разрешување на конвликтни ситуации“ а носители на активностите се претседателите на одделнските заедници. Исто така целите од интегрираното образование се вклучуваат и реализираат на часовите по граѓанско образование, историја и општество и други наставни предмети.

Во реализацијата на воннаставните актовности, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието, постојат повеќе примери на соодветно интегрирање и прилагодување на особеностите на локалната средина.

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми преку формалните органи, но нема покренато иницијатива до Биро за развој на образование или до Министерството за образование и наука за изменување и дополнување на истите.

При планирањето на слободните ученички актовности, наставниците во соработка со учениците и родителите имаат можност самостојно да планираат активности кои се во интерес на учениците.

## 1.3 Воннаставни активности

Училиштето нуди разновидни воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците и кои влијаат врз нивниот личен и социјален развој. Во училиштето се планираат и се реализираат голем број воннаставни ученички активности. Во учебната 2022/23 год. во училиштето се формирани и работат 14 секции во кои секој ученик е вклучен во најмалку една секција. Одговорните наставници имаат изготвено годишни програми за работа на секциите. Во оваа учебна година при реализација на слободните ученички активности формирани се по најмалку 10 клубови од одделение во зависност од интересот на учениците. Од анализите се констатира дека учениците најголем интерес имаат за спортските активности и изучување на англиски јазик. Во училиштето редовно се реализираат активности на хуманитарни акции и културни и спортски манифестации, предавања, работилници, конкурси, приредби и други активности.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор и по предлог на наставниците.

Во изминатите три учебни години во училиштето реализирани се следните проекти:

„Отворени денови на демократијата“

„Имплементација на Конвенцијата на правата на детето“

„Доживувајќи културен диверзитет стануваме европолитани“-Еразмус+ проект каде во периодот од 21 до 23 април 2021год. е одржана виртуелна мобилност на платформата ZOOM, на која учествуваат вкупно 50 ученици и 25 наставници од шест партнер училишта од следните држави: Германија, Португалија, Латвија, Полска, Кипар и основното училиште „Кочо Рацин“ како домаќин.

**„**Зелен полигон за едукација, алатка за јакнење на еколошката свест“ -промоција на проектот училишни градини.

„Промоција на безбедна училишна средина“ - проект кој се реализира во период од 2023 до 2026 година. Училиштето е вклучено во мрежата на „Вело училишта“ каде учениците имаат можност да учат и вежбаат знаења и вештини кои се потребни за безбедно возење на велосипед. Училиштето обезбедува услови за вклучување на учениците со посебни образовни потреби во воннаставните активности, вклучување на учениците со потешкотии во учењето и ученици од семејства во социо-економски ризик. Училишетео редовно зема учество во настани организирани од локалната самоуправа и други установи.

Во изминатите три учебни години голем број на ученици учествувале на ученички натпревари на општинско, регионално и државно ниво. При што значајно е да се напомени големиот број на освоени награди на учениците на државно ниво, пофалници и учества и тоа по предметите: математика, физика, хемија, биологија, природни науки, информатика, англиски и германски јазик, техничко образование, спорт-тенис и други. Училиштето има формирано училишен спортски клуб, запишан во Централен регистар на РМ како УСК „Кочо Рацин 2015“. Во училишниот спортки клуб активно членуваат ученици кои се натпреваруваат во групните спортови: фудбал, одбојка, футсал, ракомет, атлетика, кошарка, тенис, шах и др. Учениците имаат учества и освоени места на општински, зонски, регионални и државни натпревари.

Во Годишната програма за работа на училиштето, за учебната 2023/2024 година, планирани се ученички екскурзии согласно Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование. Планирани се еднодневна, дводневна и тридневна екскурзија, настава во природа и излети во поблиската околина.

Училиштето за афирмирање на постигањата на учениците во воннаставните активности ги користи: расположивите интернет ресурси (ФБ страната на училиштето, веб-страната од општина

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат тромесечни, полугодишни и годишни извештаи од страна на

стручната служба во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, паралелки,наставни предмети, поведение, општ успех и изостаноци.

Во однос на запишани ученици во училиштето може да се констатира дека вкупниот број на ученици во 2020/21 година е 770, во 2021/22 година е 736 и во 2022/23 година бројот на запишани ученици е 718 .Во оваа учебна 2023/24 година бројот на запишани ученици е 719.

Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува: 4,12 за учебната 2020/2021 година , 4,43 на крајот од учебната 2021/2022 година и за учебната 2022/2023 средниот успех е 3,93.

Од страна на стручната служба во училиштето и одделенските раководители се идентификувани ученици со потешкотии во учењето. Во училиштето има 7 ученици со посебни образовни потреби.

Училиштето има изготвено распоред за реализација на дополнителна и додатна настава, истиот е истакнат на огласна табла во училиштето и доставен до Државниот просветен инспекторат. Додатната настава се реализира пред одржување на натпревари.

Училиштето по поголемиот број на предмети организира дополнителна настава за учениците кои покажуваат слаб успех и имаат потешкотии во учењето.

Училиштето организира заеднички активности (наставни и вонnаставни) со ученици од мешан етнички состав, во рамките на училиштето. Училиштето има формиран тим за меѓуетничка интеграција во образованието, има изготвена програма за работа. Има партнер училиште.

Во училиштето се спроведува советување на родители од страна на психологот после секој одделенски совет за што се води уредна евиденција .

Учениците учествуваат на натпревари кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво .

Во последните три години имаат учество и освоено голем број на награди на општински, регионални и државни натпревари и тоа: 2020/21 година освоени се награди по: англиски јазик, природни науки, биологија, физика, математика, информатика, хемија, техничко образование, 2021/22 година освоени награди по: одделенска настава (математика и англиски јазик),англиски јазик, природни науки, биологија, математика, хемија, ФЗО, германски јазик, техничко образование, 2022/23 година освоени награди по:математика, природни науки, биологија, хемија, физика, ФЗО, македонски јазик, германски јазик, информатика, ликовно образование.

Училиштето учествува и на литературни и ликовни конкурси, како и конкурси организирани од Локалната самоуправа Прилеп.

Училиштето има пропишана Правилник за избор на првенец на генерација за завршено 9 одделение. Секоја учебна година се избира првенец на генерација.

## 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од својот реон и ги опфаќа учениците од својот реон. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците.

Во однос на изостаноци на учениците во учебна 2020/21 година направени се вкупно 5 234, во учебна 2021/22 година направени се вкупно 12 722 изостаноци и во учебната 2022/2023 година направени се вкупно 15675 изостаноци.Училиштето има Правилник за изрекување на педагошки мерки, има тим за поддршка за учениците за кои е изречена педагошка мерка, тимот изготвува Акциски план за работа со ученикот во зависност за што е изречена педагошката мерка и Евединтна листа за евиденција на напредокот.

Во однос на оценување по поведение во последните три години сите ученици се оценети со примерно поведение.

### 2.3. Повторување на учениците

Во последните три учебни години нема повторувачи.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1. Планирања на наставниците

За реализација на наставните програми по наставни предмети, наставниците имаат изработено годишни планирања, среднорочни тематски планирања и оперативни планови

за наставен час. Во истите се вградени содржини од подрачјата кои се од посебен инстерес за образованието: меѓуетничка интеграција во образованието, примена на информатичка комуникациска технологија во наставата, ЕКО содржини, индивидуални образовни планови за учениците со ПОП, соработка со родители и друго. Освен за задолжителната настава, наставниците изготвуваат планирања за дополнителна и додатната настава, за одделенски час и за слободните ученички активности. За поефикасно планирање на наставните содржини, наставниците на стручни активи се информираат за новините и измените во делот на планирањето и од страна на стручната служба во училиштето им се обезбедува поддршка по однос на изготовка на планирањата на наставниците. По однос на планирањата на наставниците и реализација на наставните програми, за сите наставници кои работат по новата концепција за образование, реализирани се обуки организирани од страна на БРО и МОН.

Поголем број од наставниците планираат диференцирани цели и активности во насока на индивидуален пристап во наставата за учениците со потешкотиии во учењето и за надарените и талентирани ученици. Наставниците вршат размена на искуства и информации за планирањата преку консултации на состаноци на стручни активи и во соработка со наставници од други училишта. Планирањата на наставниците се следат од страна на стручната служба и директорот, на почеток на учебната година, како и во текот на учебната година, преку посета на час, и на наставниците им се дава повратна информација и по потреба им се даваат насоки за подобрување на истите.

Планираната на наставниците од прво до шестто одделение се согласно новата концепција на основно образование, додека за наставните предмети: математика и биологија од седмо до деветто одделение, како и по предметите хемија и физика во осмо и деветто одделение, наставниците изготвуваат планирања согласно наставните програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ.

За дел од наставниците во училиштето реализирани се работилници за изготвување на ИОП и работа со деца со ПОП. Но за наставниците има потреба од реализација на лиценцирани обуки за работа со деца со ПОП и изготовки на ИОП. Сите наставници кои работат со учениците со ПОП има изготвено ИОП во соработка со училишниот инклузивен тим.

Распоредот на часови го изработуваат двајца наставници задолжени од страна на директорот на училиштето. Распоредот на часови е направен според просторните и кадровските можности на училиштето. Во училиштето има блок часови само по наставните предмети информатика и техничко образование во зависност од наставните програми. Во училиштето изготвен е распоред за дополнителна и додатна настава и истиот е истакнат на видно место во училиштето.

### 3.2. Наставен процес

Од посетата на часови и разговорите водени со директорот, стручната служба, наставниците и учениците, се констатира дека при реализација на наставата поголем број од наставниците користат различни форми, техники и методи на работа, кои се соодветни на потребите на учениците. Но кај поедини наставници изборот на задачи и активности за време на часот најчесто не е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат одобрени учебници и прирачен материјал. Во училиштето нема учебници по наставните предмети: историја и општество за V одд.,

етика на религиите, музичко образование и географија за VII одд. како и по англиски јазик од второ до деветто одд , германски и француски јазик од VI до IX одделение.

Училиштето располага со 10 SMART табли, 10 панел табли, две интерактивни табли, 18 PC во кабинетот по информатика, 23 лаптопи за наставници и 48 таблети за учениците. Во секоја училница има инсталирано панел или SMART табла, лап топ и печатач. Училиштето располага со нагледни наставни средства за реализација на наставата во одделенска настава по новата концепција за основно образование, нагледни наставни и технички средства по природни науки и биологија, целосно опремен кабинет по хемија и физика со наставно нагледни и технички средства и инвентар. Наставата од VI до IX одд. се реализира во кабинети.

Во подрачното училиште-населба Рид, во сите училници има инсталирано SMART или панел табли и опремено е со доволен број на наставно нагледни и технички помагала. Наставата во подрачното училиште се реализира во чисти паралелки од прво до петто одделение.

Наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол и социјално потекло.

Училиштето има процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на стручните соработници и директорот. Наставниот прцес се следи од страна на директорот и стручната служба, секој наставник во текот на учебната година е посетен најмалку два пати од страна на стручната служба или директорот, но потребно е посетата на наставни часови од страна на стручната служба или директорот да се зголеми.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна и стимулативна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е целосно естетски уреден. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училниците и во ходниците на училиштето. Во ходниците поставени се паноа на кои се истакнуваат трудови од работата на секциите, кои редовно се менуваат согласно целите на наставата. Во одделенска настава постојат и ученички катчиња каде се изложуваат изработките на учениците. Учениците и наставниците сметаат дека просториите во училиштето ги задоволуваат потребите за непречено изведување и реализација на редовната настава.

Преку фејзбук и веб-страната на училиштето, сите заинтересирани страни се информираат за настаните кои се случуваат во училиштето.

Од спроведените анкети со учениците се констатира дека најголем број од анкетираните ученици сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен, предавањата и објаснувањата се јасни, дека наставниците им кажуваат колку добро напредуваат во учењето и дека наставниците и учениците со почит се однесуваат кон другите ученици. Поголем број од учениците сметаат дека наставниците го земаат во предвид нивното мислење. За време на часот наставниците превземаат активности да ги охрабрат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците ги изразуваат свотите мисли и ставови и се охрабруваат за поголема активност на часот. Интеракцијата меѓу учениците е добра.

Во училиштето формиран е Ученички парламент кој има изготвено програма за работа, редовно одржува состаноци, на кои се разговара за проблеми во наставата, оценивањето на постигањата на учениците, почитување на кодексите на однесување, хигиената во училиштето и за истото се запознаваат надлежните во училиштето. Но мал број од анкетираните ученици сметаат дека учениите не ги почитуваат правилата за однесување во училиштето.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Најголем број од наставниците ги почитуваат различните потреби на учениците во наставата со што им се дава можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој. Наставниот кадар и стручните соработници ги идентификуваат образовните потреби на учениците и се преземаат активности за исполнување на потребите и отстранување на пречките.

Поддршката на учениците со потешкотии во учењето, за надарените и талентирани ученици во смисла на задавање на диференцирани задачи за време на часовите во предметна настава се применува од помал број на наставници. Додека за учениците со посебни образовни потреби, сите наставници кои работат со тие ученици и каде има потреба имаат изготвени индивидуални образовни планови.

Училиштето ги ангажира учениците во воннаставни активности, општествено корисна работа, учество на натпревари и конкурси, со што се поттикнува и мотивира нивниот личен напредок.

Идентификацијата на образовните потреби на учениците ја вршат самите наставници преку процесот на наставата, со следење на постигањата на учениците и нивните активности. Стручната служба уште при самиот упис на учениците во прво одделение и во понатамошното образование го следи нивниот развој. На одделенските совети се разговара за постигањата на учениците, се работи со учениците кои имаат потешкотии во учењето и ученици со емоционални проблеми, за кои се води евиденција за нивниот напредок и се спроведуваат заеднички активности со наставниците.

Голем број од учениците сметаат дека наставниците им ја обезбедуват потребната помош при работа на зададените задачи.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на постигањата на учениците. Наставниците имаат изготвено критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување, за сите програми според кои реализираат настава. За новвработените наставници има потреба од обуки за оценувањетто на постигањата на учениците и обуки за примена на нови техники и методи на работа.

Наставниците континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Кај најголем број од наставниците оценувањето на постигањата на учениците е јавно, со исклучок на изолирани случаеви каде оценувањето не е транспарентно и јавно. Наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување. Наставниците

редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата. Од разговорот со членовите на Совет на родители, со претседателите на ученичката заедница и од спроведените анкети се констаира дека не сите наставници ги усогласуваат критериумите за оценувањето со колегите на активот, а кај поедини наставници нема јавност при оценувањето на постигањата на учениците.

Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

Учениците за своите постигања добиваат усни и писмени информации, со кои им се укажува на позитивните страни на нивното учење, но и на слабостите и начините како да ги надминат. Учениците повремено се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Поголем број од анкетираните ученици сметаат дека оценувањето е објективно и транспарентно и дека наставниците им даваат добри совети како да го подобрат успехот.

Во изминатите три учебни години до наставнички совет нема доставено приговор од страна на ученик или родител по однос на оценка.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето редовно ги извесува родителите за напредокот на нивните деца. Наставниците од одделенска настава редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна и повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата на секој ученик посебно. За постигнатиот успех на учениците, родителите добиваат писмени и усни информации преку непосредни контакти на индивидуални и групни родителски средби. Родителите за постигнатиот успех на нивните деца писмено се известуваат на секое тримесечие, на крајот на првото полугодие и крајот од наставната година.

Училиштето соработува со родителите и секогаш е отворено да одговара на прашањата и интересирањата на родителите за напредокот на нивните деца.

Во училиштето формирани се комисии за следење на педагошката евиденција во електронскиот дневник и тоа комисија за следење на е-дневник од одделенска и предметна настава. Од доставените извештаи од страна на комисијата за следење на е-дневникот и од увидот во е-дневникот за време на надзорот, се констатира дека наставниците редовно ги ажурираат податоците во е-дневникот.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1 Севкупната грижа за учениците

Инфраструктурата во училишните згради е добра, безбедна и нема место што претставува потенцијална опасност од повреда на учениците. Наставата се изведува во училници и кабинети, кои ги задоволуваат училишните стандарди. Дограмата во двете училишни згради комплетно е променета, со што е зголемена топлинската ефикасност.

Нема дневен престој за прифаќање на ученици, за истиот има услови и е поднесено барање до МОН за добивање согласност. Учениците од прво одделение се прифатени еден час пред и после наставата, според проширена програма на училиштето и одреден распоред на наставници.

Само два ученици од с. Лагово користат превоз, истиот го покрива училиштето преку буџетската сметка.

За 6 ученици со посебни потреби (МКФ) училиштето обезбедило образовни асистенти, а 1 ученик е со посебни потреби со оштетен вид. Опременоста на училиштето со асистивна технологија не задоволува. Располага со мал број на опрема за поддршка на ученици со оштетен вид. Во процедура е опремување на сензорна соба со донација од American schools и Германска амбасада.

За оваа учебна година училишните објекти и компјутерската опрема се осигурани, исто се осигурани и вработените лица и учениците. Во училиштето има обучено 6 вработени лица за давање на прва помош на лица при несреќи и на 10 места има добро опремени сандачиња со материјал за давање на прва помош. Училиштето има изготвено План на мерки и активности за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. На видни места има поставено предупредувања.

Училишните објекти се под видео надзор, односно се поставени видео камери на 10 локации во централното училиште и на 2 локации во подрачното училиште, чиј 24 часовен сигнал се следи на компјутерот во канцеларијата кај директорот. Во училиштето има и надворешно обезбедување (МК обезбедување Прилеп) со кој училиштето има склучено едногодишен договор.

Во април 2023 година, изведена е симулација за постапување во случај на пожар и земјотрес. Истотака, изведена е и показна вежба за постапување при дојава за бомба. Минатата учебна година извршено е тестирање на воздухот за присуство на радон во воздухот и резултатите се добри. Во февруари 2022 год. во училиштето се спровело обука на вработените за заштита при работа. Громобранската инсталација е проверувана во 2022 година и истата е во исправна состојба за двете училишни згради.Во централното училиште има 8 хидранти, кои се проверувани и задоволуваат. Училиштето располага со 8 против пожарни апарати, кои се сервисирани. Во училиштето има 4 обучени вработени оспособени за превземање на мерки за заштита од пожари и стручно учество во случај на пожар.

Пристапот во училишните згради е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп, односно има поставено 2 пристапни рампи и лифт: на задниот влез во централното училиште (рампа и лифт за кој во процедура е технички прием) и пристапна рампа на влезот во подрачното училиште. Истотака, има 1 тоалет за лица со физички хендикеп во централното училиште.

За време на одморите се организираат дежурства по ходниците, од страна на наставниците по изготвен распоред, кој е истакнат на видно место, истотака за време на наставата присутно е и лице од Агенцијата за обезбедување на влезот во училиштето и во училишниот двор.

Во сите училници и кабинети има поставено „вариолајт завеси“ на прозорците, за подобра видливост на часот, истите се бојосани, уредени со добар училишен инвентар (столчиња и клупи)

Во училиштето на учениците од прво одделение општина Прилеп обезбедува ужина од понудувач (пекара) истата содржи бело пециво и овошје, а за другите ученици училиштето има организирана ужинка истата е доброволна, дел од учениците си носат од дома, а дел купуваат од околните маркети во близина на училиштето. Во училиштето за прием и дотур на храната е обезбедена посебна просторија, лицето кое ја дели храната

има извршено санитарен преглед. Извршена е проверка на исправноста на храната, лицето кое врши дотур на храната е со извршен санитарен преглед.

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училишната зграда има истакнати забрани за пушење, алкохол и наркотици. Има Процедура за регистрирање на појава на пушење, конзумирање на алкохол и наркотични супстанции. Се реализираат работилници со учениците на овие теми, од страна на училишниот педагог, дефектолог и психолог, во соработка со Центарот за јавно здравје – Прилеп и со МВР Прилеп. На одделенските часови се реализираат работилници и предавања на овие теми. Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол, како и користење на наркотични средства.

Училиштето има Куќен ред. Исто така во училиштето се донесени Кодекси и Правилници на однесување на ученици, родители, наставници и стручни соработници за време на наставата.

Во училиштето се забранува секаков вид на насилство. Во училиштето постои тим и програма за превенција од насилство, во кој активно е вклучен и Ученичкиот парламент. За истото училиштето има донесено „Протокол за постапување на насилно однесување во училиштето“. Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство од страна на учениците и возрасните. На одделенските часови се обработуваат теми за ненасилно однесување и мирно разрешување на конфликти. На оваа тема училиштето има реализирано повеке работилници, анкетирања, дебати и ученички иницијативи посебно на „Денот на демократијата“ проект преку кој се реализираат повеке теми:„Анти булинг“, „Дискриминација“, „Разрешување на конфликтни ситуации“, „Стереотипи:машко - женско“ и др. Училиштето од 2023 год. до 2026 год. учествува во проект „Промовирање на безбедни училишта“ организирано од „Коалиција СЕГА“ подржано од МОН и БРО.Во последните три години не се забележани сериозни појави на насилство.

Во училиштето има тим и програма за грижа за ученици од социјално загрозени семејства, има и пропишана Процедура за постапување со оваа категорија ученици. Стручната служба и директорот водат „Социјална карта“ за идентификација и помош на ученици од социјално загрозени семејства. Училиштето преку одделенските раководители и педагошко-стручната служба обезбедува материјални средства за учениците, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици. Во училиштето се организираат хуманитарни акции од страна на вработените и учениците (храна, облека, обувки, училишен прибор, средства за хигиена и сл.), по иницијатива на Ученичкиот парламент во училиштето за помош на своите соученици од оваа категорија се организираат собирни акции (пластични шишиња) кои собрани парични средства се наменети за помош на учениците од социјално загрозени семејства.

## 4.2 Здравје

Во училниците, кабинетите и ходниците има корпи за отпадоци, а училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Училиштето добро располага со средства за хигиена. Подовите во училниците, кабинетите, ходниците, скалите и санитариите, редовно се чистат. Во ученичките тоалети е чисто. Во секоја училница има чешма и има течен сапун. Одржувањето на хигиената во училниците, ходниците, канцелариите, санитарните јазли, спортските сали,просторија за делење храна, училишните дворови, и во останатиот училишен простор е добро.

Во текот на оваа учебна година двапати е извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за грижата за здравјето на учениците, во која се планираат и потоа се реализираат редовните активности (вакцинации, систематски прегледи), како и предавања за здрав развој, здрава храна, хронични болести, болести на зависност, превенција од насилство итн., а во соработка со Центарот за јавно здравје – Прилеп. Посебен акцент училиштето има ставено во минатата учебна година преку предавања и работилници на менталното здравје на учениците.

Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи (систематски прегледи за учениците од I и VII одделение) и вакцини за учениците, кои се вршат во Здравствениот дом во Прилеп, вон наставата.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат санитарни книшки. Се вршат и редовни систематски прегледи (на две години), за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените. Последниот систематски преглед на вработените е извршен во 2022 година. Во училиштето има стоматолошка амбуланта, во која учениците редовно ги користат услугите и која добро се грижи за забите на учениците.

Училиштето реализира активности преку одговорни лица одделенски раководители и стручна служба, за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди, подолго време отсуствуваат од редовната настава,за истото има пропишана процедура. Во оваа учебна година нема такви ученици.

### 4.3.Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Програмата за професионална ориентација на учениците. Училиштето има и тим за професионална ориентација на учениците (одделенските наставници од 9 одд. и Стручната служба)

Со учениците од деветто одделение, се организираат активности од Професионална ориентација мината учебна година училиштето организирало работилница „Развивање на самосвест“

Средните училишта, при посета на училиштето, преку презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование. На отворените денови кои ги организираат средните училишта се врши презентација за образовните струки и профили кои се изучуваат во средните училишта. Учениците навремено се информирани за објавените конкурси за запишување на ученици во средното образование. Педагошко-стручната служба добро води евиденција каде учениците го продолжуваат средното образование.

Училиштето располага со тим и програма за грижа за ученици со емоционални потешкотии. Идентификувани се случаи на ученици со емоционални потешкотии, со кои во училиштето Стручната служба во континуитет добро се справува и спроведува соодветни мерки (соработка со Центар за социјална работа, Центар за ментално здравје – Скопје, родителите и други здравствени установи), за работата со овие ученици има посебни досиеја со што се следи нивниот напредок.

## 4.4.Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во електронскиот дневник (Е-дневник) на паралелката. Во училиштето навремено се изготвуваат полугодишните и годишните извештаи за успехот и поведението на учениците. Целокупната евиденција и документација им е достапна на учениците, родителите и сите други заинтересирани страни. Запознавањето со постигањата на учениците се врши преку родителски средби, издавање на свидетелствата и евидентни листови.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи за успехот на учениците, по квартали, за својата паралелка. Извештаите според паралелки им се доставуваат на увид на педагошката служба и на раководниот кадар и се достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици.

Следењето на напредокот е добро.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е препознатливо по во своето опкружување како централно градско училиште со бројни освоени награди на регионално и државно ниво во повеќе области. Училиштето е безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува половата еднаквост, мултикултурализмот и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Најголемиот број од наставниот кадар е почитуван од родителите и учениците. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето и се грижат за неговиот углед. Училиштето има кодекси на однесување во кои се поставени принципите и правилата на однесување на: учениците, родителите, наставниците, стручните соработници и другите вработени во училиштето, за време на часовите во училниците и во кабинетите и за време на одморите во училиштето и училишниот двор. Кодексите се изработени од стручните соработници во соработка со раководниот кадар и се усвоени од училиниот одбор и со истите се запознаени ученичкиот парламент и советот на родители. Со кодексите се предвидуваат превземање на мерки согласно закон во случај на нивно непочитување. Училиштето има и интерни акти – правилници со кои се уредува преземањето на мерки кон учениците и вработените при непочитување на кодексите, куќниот ред, статутот и законите. Најголемиот број родители и ученици сметаат дека кодексите се почитуваат и правилниците се применуваат. Училиштето промовира заемно почитување и вклученост на сите што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и воспитно-образовниот кадар играат клучна улога во одржувањето позитивна атмосфера во училиштето, што е препознаено од најголеиот број од учениците, вработените и родителите. Најголемиот број од родителите и учениците ги препознаваат најголемиот број од вработените по грижата кон учениците и по тоа што ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето. Најголемиот број од учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето без оглед на способностите, полот, етничката припадност, верата и социјалниот статус. Најголемиот број од учениците и вработените ги почитуваат правилата на однесување пропишани со кодексите и Куќниот ред. Постои работна атмосфера за време на наставата, а вработените се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите и на часовите, како при нивното доаѓање и заминување од училиштето. Најголеиот број од учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Училиштето доследно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Во изминатите три учебни години изречени се вкупно 24 педагошки мерки кон 24 ученици по основ на несоодветно однесување во училиште, односно непочитување на правилата на однесување. Најголемиот број од родителите и учениците сметаат дека во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и пишани графити со негативни пораки.

Формирањето и работата на ученичкиот парламент е уредено со статутот и интерни акти на училиштето. Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците. Ученичките заедници на паралелка и ученичкиот парламент се формирани според законите и со почитување на демократските процедури уредени со статутот и интерните акти на училиштето. Учениците преку своите претставници во ученичкиот парламент учествуваат во донесувањето одлуки за прашања што се од нивни непосреден интерес. Ученичкиот парламент во својата работа добива поддршка од училиштето. Најголемиот број од учениците сметаат дека се навремено информирани од своите претставници во ученичкиот парламент за сите работи што се од нивни непосреден

интерес и дека учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Ученичкот парламент работи според своја програма со која планира и реализира по најмалку пет активности во текот на една учебна година.

### 5.2. Промовирање на постигнувањата

Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување на високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците. Поголемиот број од учениците, исто така имаат високи очекувања од самите себе и од другите. Поголемиот број од наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има воспоставени практики и начини на промовирање на личните постигнувања на учениците во рамките на училиштето и во пошироката локална средина. Учениците имаат можности, согласно со своите способности и интереси, да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во вонанаставните активности. Поголемиот број од наставниците ги поттикнуваат учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на училишно, локално, регионално и државно ниво. За учениците што освојуваат награди на ученичките натпревари, училиштето обезбедува пофалници и книги, но не и за наставниците што помогнале во тоа. Училиштето редовно ги промовира реализираните активности и постигањата на учениците на својата Интернет страна и на својата Фејсбук страна. Училиштето секоја година избира првенец на генерација според сопствен Правилник за избор и прогласување на првенец на генерација.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Најголемиот број од вработените во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување преку разни активности кои ги реализираат стручните соработници, ученичкиот парламент и ученикот правобранител. Училиштето преку разни активности ги запознава родителите со правата на децата.Најголемиот број родители и ученици сметаат дека најголемиот број вработени во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Секоја година со годишните програми за работа на стручните соработници, ученичкиот парламент и ученикот правобранител се планираат и се реализираат бројни активности за промоција на еднаквоста и правичноста и нивно почитување во односите меѓу сите чинители во училишниот живот. Поголемиот број од учениците знаат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди и дискриминација. Училиштето промовира и практикува позитивно вреднување и промовирање на половата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Учениците ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во училиштето и во државата. Училиштето со партнер училиштата секоја година реализира заеднички наставни или вонанаставни активности на учениците од училиштето со ученици кои учат на наставен јазик различен од македонскиот.

### 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби, отворени родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на

располагање. На родителските средби родителите се запознаваат со правата и обврските на децата, кодексите на однесување, куќниот ред, постигањата, редовноста и дисциплината на учениците, како и за разни тековни активности кои се во интерес на учениците и родителите. Мал број родители

Со статутот и деловникот за работа на советот на родители се пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во советот на родители. Родителите преку советот на родители редовно се запознаваат со целите, организацијата и идните активности. Најголемиот број родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето е активно вклучено во животот на општината преку спроведување на бројни активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Општината се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето преку обезбедување на средства за инфраструктурни подобрувања и за набавка на нагледни средства и технички помагала.

Училиштето остварува соработка со деловната заедница преку посета на претпријатија во функција на наставата и вонънаставните активности и професионалната ориентација на учениците. Училиштето повремено соработува со граѓанскиот сектор во проекти од интерес на заедницата, како и со училишта на меѓународно ниво преку „Еразмус +“ проектите.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

ООУ „Кочо Рацин“ - Прилеп располага со две внатрешно реновирани училишни згради од цврста градба. Истите се под заштита на Завод и музеј – Прилеп. Зградата на централното училиште се наога на ул.Борка Талески бр.64 , а другата зграда на подрачното училиште се наога во населба „Рид“ на ул.Борка Медарот бб. Зградата на централното училиште е со вкупна површина од 2616 м², во истиот се наогаат и две спортски сали со вкупна површина од 190м2 голема и 70м2 (мала сала за одделенска настава), спортски терен 1600м2 и училишен двор 2400м2. Училишната зграда е со подрумски простории во кои се наогаат две спорски сали во чиј состав се реновирани соблекувални за учениците и реновирани санитарни јазли, кабинет по ликовно образование, котлара и работилница. Училишната зграда има приземје и два ката. Училишниот простор ги исполнива условите за изведување на наставата, согласно нормативот за училишен простор и опрема. Наставата во училиштето се изведува во две смени. Големината на училниците соодветствува на бројот на ученици во паралелките. Училишниот објект на централното училиште располага со 9 училници, 13 кабинети, библиотека, 4 канцаларии (директор, наставници,една просторија за стручните соработници, просторија за административно персонал), една просторија за технички персонал, една просторија наменета за прием и достава на храна, 8 тоалети со по 3 санитарни јазли од кои еден е за лица со посебни потреби и 6 тоалети за наставници на секој спрат, ходници и скали. Тоалетите за учениците се на трите спрата и во подрумските простории на објектот. Поради големиот фонд на наставни часови, учениците од двете смени максимално ги исполнуваат училниците и кабинетите во текот на секој работен ден истите се реновирани и бојадисани. Во училиштето има и стоматолошка амбуланта која е во функција. Ходниците и поголемиот дел од скалите во училиштето се реконструирани. Во тек е дренажа на училишната зграда.

Затоплувањето на објектот е со сопствено парно греење на течно гориво. Училишниот двор во предниот дел е партерно уреден и заграден, задниот дел од училишниот двор се спортски терени и се оградени, во истиот се наогаат и клупи за одмор, мал дел е и холтикултурно уреден.До самиот двор на училиштето се наогаат објект(монтажна продавница) која не е во сопстеност на училиштето. Во задниот дел од дворот се наогаат три спортски игралишта за фудбал,ракомет и кошарка, кои се во добра кондиција (нов асфалт и спортски справи). Во дел од училишниот двор се наога објект (продавница), која не е во сопственост на училиштето. Искористеноста на просторните капацитети во училиштето е добра.

Во подрачното училиште во населба „Рид „ наставата се изведува во една зграда која е стара градба но внатрешно реновирана (променети врати и прозорци, променети подови), реновирани ѕидови , има пет училници, канцеларија за наставници, котлара, тоалети. Тоалетите се во училишната зграда и се во добра кондиција во нив има вода и условите во нив ги задоволуваат потребите, одржувањето на хигиената во нив е добра. Има спортски терен во училишниот двор каде се реализира наставата по ФЗО во топлите денови, а во зима истата се изведува во училница. Училиштето нема услови за реализација на наставата по ФЗО во зимски услови. Дворот е ограден, уреден, поплочен со бекатон плочки, во училишниот двор има и летна училница која е оштетена но не преставуава опасност по безбедноста на учениците. Во училиштето има три противпожарни апарати (сервисирани) . Минатата учебна година е направена целосна промена на електричната инсталација во училишната зграда. Во оваа учебна година во

училиштето има 10 паралелки поделени во две смени. Од кои две се прво одделение со вкупно 35 ученици, две второ со вкупно 18 ученика , две трето одделение со вкупно 23 ученика, две четврто одделение со вкупно 20 ученика и две 5 одделение со вкупно 25 или вкупно 121 ученици. Во училиштето условите многу добро ги задоволуваат потребите за работа по Новата концепција во основното образование ( наставните средства и помагала ). Училниците се обезбедени со две смарт табли и во 3 смарт панел табли, комјутери има во сите училници и наставничката канцеларија и два печатари.

Училиштето има план и распоред според кој ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра, со тенденција на подобрување поради континуирана набавка, која што е планирана со Програмата за развој на училиштето. Наставниците и учениците имаат целосен пристап до наставните средства, помагала и материјали потребни за учењето и наставата.

Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала преку анкета со наставниците, за дополнителна набавка на: компјутери, смарт-табли, смарт телевизори, ЛЦД-проектори, принтери, спортски реквизити, макети, модели, историски карти, музички инструменти, фонотека, списанија, лектири, енциклопедии, образовни софтвери за нормално функционирање на воспитно–образовниот процес и др. Учењето и наставата се збогатени преку користењето на добар обем на ИКТ опрема во училиштето. 17 компјутери за учениците има само во кабинтетот по информатика . Во училиштето бројот на компјутери во кабинет по информатика ги задоволува потребите за непречено одвивање на наставата по информатика. Во секоја училиница има по 1 десктоп компјутер или лап топ.

Во последните години набавена е компјутерска техника, така што во моментот училиштето распола со 23 лаптопи за наставниците, 10 смарт табли, 10 панел табли и 2 интерактивни табли, PEN табли за математика, 48 таблети, 10 ЛЦД телевизори, 2 видео-бима, 7 бели табли, 18 печатачи и еден во боја и др.

Во просторијата на училишниот дефектолог има нездоволителен број на асистивна технологија и нагледни средства. За учениците со посебни потреби има: 1 тастатура за деца со оштетен вид, мал број игровни средства и стручна литература.

Поголемиот број наставници ги користат компјутерите кои се инсталирани во секоја училница или кабинет за планирање и нагледност во наставата. Во наставничката канцеларија има еден компјутер и печатач.

Во секоја училница има инсталирано по еден персонален компјутер за наставниците, и во секоја училница и кабинет има смарт табла , панел табла или интерактивна табли во 2 од училниците. Во кабинетот каде се изведува наставата по информатика инсталирани се 17 персонални компјутери и еден лап топ. Училиштето располага со добро опремен кабинет по природни науки.Кабинетот по музичко образование е добро опремен со музички инструменти нагледни средства и помагала.(пијано, синтисајзер,хармоника, удирачки инструменти, жичани инструменти и сл.) За потребите на училишниот оркестар училиштето располага со добар број музички инструменти.Училиштето е добро опремено со наставни средства и помагала за часовите по Физичко и здравствено образование и

спортски активности, како и двете фискултурни сали (голема и мала) во која се изведува наставата .

Во училиштето има училишна библиотека и има изготвено програма за работа на библиотеката. За работа на библиотеката ангажиран е еден наставник. Работното време на библиотеката е за секој работен ден и ги опфаќа двете смени на настава. Во однос на библиотечниот фонд, училишната библиотека располага со над 1713 лектирни изданија, 720 книги-стручна литература, Енциклопедии за деца 58 примероци, поезија 876,сликовници 255, раскази 847,романи 2521, над 441 книги на странски јазици или вкупно 10451 примерок, а наслови 2897. Согласно законот за учебници за основно образование, Министерството за образование и наука не ги има обезбедено потребниот број на учебници за секој ученик. Библиотечната евиденција се води во пишана и во електронска форма. Книгите се изложени на полици. Опремена со компјутер и има интернет пристап. Од страна на училиштето до Министерството за образование и наука доставено е барање со список на потребни учебници кои недостасуваат. Набавката на библиотечниот фонд се одвива според финансиските можности на училиштето.

Потребите од наставни средства и материјали се утврдуваат на заедничките состаноци на стручни активи и на наставнички совет. За изведување на воспитно-образовниот процес се врши набавка на потрошен материјал според финансиските можности на училиштето. Во финансискиот план за 2023 година, предвидени се финансиски средства за набавка на наставни нагледни и технички средства, како и набавка на канцелариски материјали.

## 6.3. Обезбедување на потребниот наставнички кадар

Во учебната 2023/24 година, во училиштето вработени се вкупно 63 наставници, од кои 56 наставници на неопределено работно време и 7 наставници на определено работно време.Од кои два наставници дополнуваат часови во други училишта, а од други училишта 4 наставници надополнуваат часови во училиштето. Сите се со соодветно образование согласно Нормативот за наставен кадар. Во оваа учебна година има еден наставници-приправници. Стручната служба е составена од педагог, психолог, дефектолог – специјален едукатор. Психологот е на определено работно време. За работното место библиотекар ангажиран е еден наставник со полно работно место на неопределено работно време. Од административни службеници во училиштето вработено е едно лице и тоа: секретар, благајник.

Сметководствените работи на училиштето ги врши лице вработено во општината. Од помошно-технички лица во училиштето вработени се 7 хигиеничари од кои еден во подрачното училиште е ложач на парни котли, економ, хаусмајстор – котлар, еден ноќен чувар.

При избор на наставен кадар не е констатирана родова, национална или друга дискриминација. Вработените во училиштето го почитуваат работното време. Редовноста на наставниот кадар, административните службеници и на помошно-техничкиот персонал ја следи секретарот и директорот.

## 6.4. Следење на развојните потреби на наставничкиот кадар

Во Годишната програма за работа на училиштето, како и во програмите за работа на директорот и стручната служба, планирани се активности за поддршка за професионален развој на наставниците и на стручните соработници, преку учество на семинари, работилници, предавања и нивна дисеминација во училиштето. Секој наставник има ажурирано портфолио за професионален развој со изготвен личен план за професионален развој.

Во училиштето преку менторска работа и инструктивна работа на стручните соработници се дава помош на наставниците-приправници.

Во последниве три учебни години наставниците имаат посетувано голем број обуки на повеке теми, најголемиот дел во организација на МОН и БРО.

Останатите обуки се со помал процент на посетеност и се на различни теми, согласно интересите и потребите на наставниците.

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

Училиштето финансиските средства ги обезбедува преку буџетот на локалната самоуправа и од сопствени приходи. Набавките од мала вредност(осигурување на училишнита згради и компјутерската опрема,осигурување на вработени и ученици, набавка на канцелариски и потрошен материјал, средства за хигиена и др.) ги спроведува училиштето. Училиштето секоја година, со одлука на Училишен одбор, донесува финансов план како и извештај за финансиското работење на училиштето. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и неговото трошење.

Училиштето располага со сопствената сметка-787 на која има прилив на средства од издавање под закуп на спортската сала и училишен простор.

Исто така училиштето располага со донаторски сметки 785 на кои приливот на средства се од страна на Националната агенција за Европски образовни програми и мобилност, за реализација на проекти.

Училишниот одбор има донесено одлука за издавање на спортската сала. Користењето на спортската сала за спортски тренинзи и натпревари е овозможено во термини кои нема да ја попречуваат наставно-образовната работа. Училиштето има склучено годишни договори за користење на спортската сала со три клубови, спортската сала училиштето ја издава под закуп и инцидентно за натпревари. Со ДООЕЛ „Пекара Бест 2018“-Прилеп и со „Булевар 07-пс“ДООЕЛ - Прилеп има склучено договор за закуп на деловен простор.

Согласно финансискиот план на буџетската сматка на училиштето редовно пристигнуваат планираните финансиски средства.

## 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

### 7.1. Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран со седум члена согласно законската регулатива и статутот на училиштето. Работата на училишниот одбор е дефинирана со деловник за работа. Во деловникот за работа не ее пропишано задолжително присуство на најмалку по еден претставник од наставниците, родителите и основачот. Состаноците се закажуваат и одржуваат во согласност со деловникот. Училишниот одбор преку огласната табла ги информира за својата работа сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето во соработка со основачот обезбедува обука за новите членови на училишниот одбор заради успешно извршување на улогата на управување. Во тек е постапка за обезбедување на обука за двајца нови членови а училишниот одбор. Училишниот одбор редовно и навремено ги разгледува и усвојува сите програмски документи на училиштето: годишните програми за работа на училиштето, годишните извештаи, развојната програма, извешатајот од самоевалуацијата и други. Има примери училишниот одбор да постапува по приговори од вработени. Во изминатите три години до училишниот одбор не се доставени приговори од ученици и родители.Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени наставниците преку наставничкиот совет и родителите преку советот на родители. Претпочита работа со тимови, го вреднува придонесот на вработените во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Покрај законските комисии и тимови во училиштето функционираат: тим за организација и учество со групна маска на „Прочка“, тим за зајакнување на меѓусебната соработка и доверба, тим за изготвување на план за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето, тим за реализација на проект „Музеите во училиштата“, тим за реализација на проекто „Антикорупциска едукација во образованието“, тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди за оценување, тим за следење на учество и резултати од општински, регионални и државни натпревари, тим за реализација на отворен ден на граѓанско образование и имплементација на детските права, тим за превенција од насилно однесување, тим за соработка со локалната заедица и други. Раководниот орган го следи работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Најголемиот број од вработените и родителите сметаат дека ракводниот орган има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, да комуницира и да раководи со вработените. Раководниот орган воспоставува продуктивни партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при изработувањето на самоевалуацијата, развојната програма и годишните програми и извештаи.

### 7.2. Креирање на училишната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничката интеграција, професионален развој на наставниците, унапредување на постигнувањата на учениците и соработката со родителите. Мисијата и визијата се јавно истакнати во холот на училиштето. Вработените, родителите и учениците се запознаени со мисијата и визијата преку своите

органи. Училиштето ги вклучува наставниците, родителите и учениците во преку нивните органи и тела во остварувањето на мисијата и визијата. Училиштето соработува со општината за остварување на мисијата и визијата.Училиштето нема има пропишани процедури за донесување училишни политики.

Училиштето преку развојната програма и годишните програми за работа во континуитет работи на подобрување на квалитетот за работење во училиштето, инклузијата, ученичкото учество, намалување на сите видови насилства вклучително и на семејното насилство, недискриминација и друго.Училиштето нема акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели и нема план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите. Активностите за остваруањето на развојните цели се планираат со развониот план и во годишните програми за работа на училиштето. Училиштето ги запознава наставниците, учениците и родителите за динамиката на остварување на развојните цели преку нивните органи. Остварувањето на развојните цели во најголем дел е согласно обемот и динамиката предвидени во развојниот план на училиштето.

# НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## Јаки страни

- Добра училишна клима
- Голем број на вonнаставни активности и освоени награди на учениците на општинско, регионално и државно ниво.
- Најголемиот број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување и разбирање.
- Во наставата се користат разновидни наставни форми, методи, техники и активности.
- Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна и стимулативна средина за учење.
- Добри просторни услови за изведување на воспитно-образовниот процес.
- Грижа за инфраструктурно прилагодување на училишните згради за лица со физички хендикеп
- Работа на проекти кој што придонесуваат на демократизацијата на работата на ученичката заедница и демократското созревање на училиштето во целина.

## Слаби страни

- Наставниците немаат лиценцирани обуки за работа со деца со ПОП и обуки за изготовки на ИОП.
- Непостои целосна објективност и јавност при оценувањето на постигањата на учениците.

## Препораки

- **Училиштето да преземи мерки и активности за организирање на обуки за наставниците за работа со деца со ПОП и обуки за изготовки на ИОП.**
- **Училиштето да превземи активности за целосна објективност и јавност при оценувањето на постигањата на учениците.**

| | |
|---|---|
| Жаклина Наумовска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Гордан Трифуновски, Инспектор | |
| Илија Илиески, Инспектор | |